Бр. 04-1446/10
13.12.2019
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), член 13 став (2), член 14 став (1) и член 19 од Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/2000, 9/2001, 41/2010 и 142/2013), член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14,199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), ја донесувам следната

# ОДЛУКА

**за избор на кандидат по Интерен оглас бр 01/2019 за унапредување на административен службеник во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија**

1. Кандидатот **Исмаил Алији**, по пат на интерен оглас бр 01/2019 се избира за работно место **УПР 0101В01000 Советник за билатерални односи**, Одделение за билатерални односи и соработка, Сектор за надворешна политика - 1 извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас бр 01/2019 со архивски бр. 04-1446/2 од 29.11.2019 година.

3. Именуваниот/та ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски бр. 05-1260/2 од 13.11.2019 година, Генералниот секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија упати барање со архивски бр. 04-1446/1 од 29.11.2019 година за започнување на постапка за унапредување на административен службеник. Одделението за управување со човечки ресурси, објави Интерен оглас бр 01/2019 на 02.12.2019 година, на веб страницата на Претседателот на Република Северна Македонија и на веб страницата на Агенцијата за администрација, за унапредување на административен службеник во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија. Во функција на спроведување на постапка за унапредување на административен службеник, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана од страна на Генералниот секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија со Решение за формирање на

Комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-1446/7 од 10.12.2019 година, направи административна селекција и одржа интервју со уредните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Кабинетот на претседателот на Република Македонија. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за Интерен оглас бр 01/2019 за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04-1446/8 од 13.12.2019 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју и Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас бр 01/2019 со архивски бр. 04-1446/9 од 13.12.2019 година, врз основа на што се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Миле Бошњаковски**

Доставено до:
- именуваниот/та
- одд. човечки ресурси
- архива